Едукација обавена во болница “Токуда” Софија во Бугарија
во период од:
07.11.2016-22.11.2016год.

Главна Медицинска сестра:
Христина Зафироска

- Мојата работна установа Ј.З.У. Општа болница Кичево, под покровителство на Министерството за здравство на Р. Македонија, ми овозможија едукација, како дел од проектот на Владата на Р. Македонија за обука на медицински кадри во светски и еминентни здравствени установи.
- Јас бев на обука во болница Токуда Софија во Бугарија едукацијата траеше од 07.11.2016 до 22.11.2016 год.
- Работев во" Неонатологија". Работата беше сменска. Моето работно време беше од 08-16 часот.
- Сакајќи да ја оправдам довербата што ми беше дадена од страна на Министерството за здравство и мојата работна установа , јас максимално се трудев да одговорам на работните задачи кои како цел ми беа дозволени.
- За она што го научив не сакам да го препишам само на себеси, за тоа голем удел имаат и вработените на одделот за " Неонатологија". Бев примена со голема љубов и топлина од целокупниот персонал, кои максимално се трудеа да ни пренесат искуства.
- Денес овде пред Вас сум побогата за едно големо искуство и знаење кое сакам да го споделам со мојата работна установа.
- Голема благодарност до мојата работна организација Ј.З.У.Општа болница Кичево и Министерство за здравство на Р. Македонија.

- Првоит ден од моето пристигнување се јавивме во управата, каде бевме добредојдени со предходна најава од страна на Министерството за здравство од Македонија.
- Имавме предавања во врска со правилата и начелата на болницата кон нивно почитување.
- Секој од нас беше однесен до одделението каде беше најавен, тука бев добро примена од Началникот на Гин.-Акушерско одд. Др. Караѓозов и на неонатолгија Др.Ратка Масларска и одговорната сестра Елена, тука бев уште еднаш запозната со критериумите кои треба да се почитуваат на соодветното одделеие.

- На истиото одделение се најдуваше: операциона сала, родилна сала, интезивна неонатологија и два пулта за работа со здрави новородени.
- Бројот на вработени лица на Гин-Акушерско одд. беше 27 од кои:
- 08 Лекари,
- 16 сестри и
- 03 хигиеничарки.
- На годишно ниво имаа 900-1000 породувања од кои 60-65% породени со Царси рез а останатите спонтано породени.
- Работното време почнуваше во 08-16часот за првата смена а останатите работеа по 12 часови сменска работа.

- Во 08:15 Началничката и останатите лекари почнуваа визита во Интезивна Неонатологија, каде сестрата од ноќното дежурство го чита рапортот и образложува за новородените, потоа се почнува со визита на секое новородено, после завршената визита се почнува со работа на сестрите, се оди по температурна листа и упати што пишал лекарот: лабараториски процедури,РТГ. КТМ, Магнетна резонанца, ЕХО и се друго што е наложено.

- Додека во двата пултови кои служеа за работа со здрави новородени се почнуваше по следниов протокол:
- Се повикуваше мајката се носеше новороденото и во нејзино присуство се капеше а на мајката и се објаснуваше за правилен начин и постапка за капење на новородено,
- После тоа се пребришуваше новороденото и се правеше тоалета со алкихол околу папче и, и се објаснуваше на мајката дека после секое менување на памперс постапката треба да се повторува,

- Наредо беше промивка на очи и генитални органи со физиолошки раствор со стерилна газа и правилна постапка и на крај ставање на физиолошки раствор во носе, после тоа идеше лекар кој го прегледува новороденото и на стернум става апаратче така наречено “Дорзо билирубино метар” кој ги покажува првично вредностите на билирубин доколку вредностите се повисоки се оди со лабараториски иследувања.
- Лекарот и објаснува на мајката што треба да зема за правилна исхрана додека го дио своето новородено.
- После завршувањето со тоа новородено се се пребришува со дезинфекционо средство и се носи наредно новородено

- Присуствував како неонатолошка сестра при Царски рез и при спонтано раѓање, како и при интубирање на новородено во инкубатор.
- Заклучок:
- Сметам дека комуникациските вештини им се доста добро совладани.